# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 18 мај 1970
Скопје
Број 13 Год. XXVI

Претплатата за 1970 година изнесува 100 динари. Овој број чини 2 динари. Жиро сметка бр. 401-1-16

**93.**

Врз основа на точка 6 од Одлуката за определување на премија за кравјо и овчо млеко во 1970 година („Службен лист на СФРЈ“ бр. 11/70), Извршниот совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ ПРЕМИЈА ЗА КРАВЈО И ОВЧО МЛЕКО ВО 1970 ГОДИНА

1. Работните организации и самостојните организации на здружениот труд — правни лица во состав на работни организации што произведуваат кравјо или овчо млеко сами или во кооперација со индивидуални земјоделски производители, можат да ја наплатуваат премијата од точка 1 од Одлуката за определување премија за кравјо и овчо млеко во 1970 година, под условите предвидени со таа одлука ако собранието на општината на чие подрачје е седиштето на купувачот или на корисникот на сојузната премија, обезбеди средства за исплатување на премија од најмалку 0,10 динари по 1 литар кравјо и овчо млеко.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-849/1
20 април 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

---

**94.**

Врз основа на член 66 точка 1 од Законот за банките и кредитните работи и член 92 точка 1 од Статутот на Стопанската банка — Скопје, Извршниот одбор на Стопанската банка — Скопје, на седницата од 29. април 1970 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ДАВАЊЕ КРЕДИТИ ЗА УЧЕСТВО ВО ИЗГОТВУВАЊЕТО ПРОГРАМИ ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ НА СТОПАНСТВОТО

I

1. Во точката I потточката 2 од Одлуката за поблиските услови за давање кредити за учество во изготвувањето програми за техничка помош на стопанството, по зборовите: „оспособување на кадри (освен редовно школување)“, се додаваат зборовите: „кои се во работен однос, како и за обучување на неквалификувани работници кои не се во работен однос“.

2. Во точката I потточката 4 се менува и гласи:

„4. Корисници на средствата можат да бидат:

— стопански организации и нивните здруженија (деловни здруженија, кооперантски групации и сл.),

— заводи за запослување на работници (републички и општински), и

— други институции на кои им е доверено стручно оспособување и обучување на работници“.

3. Во точката III потточката 1 по зборовите: „од 2% годишно“, се додаваат зборовите:

„За сите намени, освен за обучување на работници кои се во и кои не се во работен однос, за кои рокот за враќање не треба да биде подолг од 10 години, а интересната стопа 2% годишно“.

4. Во точката III потточка 2 место точка се става запирка и се додаваат зборовите:

„— обезбедуваат обучување на оние профили работници за кои постојат најголеми можности за запослување по извршеното оспособување,

— обезбедуваат најдобри материјални услови, а во врска со тоа и најдобар квалитет на обучување.“

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 11/814
7 мај 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот одбор на
Стопанската банка — Скопје,
инж. **Никола Адамов**, с. р.

---

**95.**

Врз основа на член 66 точка 1 од Законот за банките и кредитните работи и член 92 од Статутот на Стопанската банка — Скопје, по предлог на Кредитниот одбор од седницата одржана на 23-IV-1970 година, Извршниот одбор на Банката, на седницата од 29. IV. 1970 година, ја донесе следнава

### ОДЛУКА
### ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ И НАМЕНИ ЗА ДАВАЊЕ КРЕДИТИ ЗА ИЗГРАДБА И ДОГРАДБА НА ТУРИСТИЧКИ КАПАЦИТЕТИ КОИ ПРИДОНЕСУВААТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТРАНСКИОТ ТУРИЗАМ

I

За унапредување на странскиот туризам, Стопанската банка — Скопје (во натамошниот текст: Банка), во рамките на расположивите средства кои се утврдуваат со годишните кредитни биланси, ќе дава кредити за вложувања во основни и трајни обртни средства за изградба, доградба и реконструкција на туристички капацитети кои придонесуваат за унапредување на странскиот туризам и тоа за:

1. Изградба и доградба на објекти за сместување, исхрана и помошни објекти (плажи, капалишта, паркиралишта, гаражи, спортски терени, пристапни патишта и други комунални инсталации и уреди) кои физички претставуваат еден објект, под еден покрив, односно на една локација;

2. Изградба и доградба на објекти за исхрана (локациски одвоени од сместувачките и др. објекти);

3. Изградба и доградба на трговско-туристички објекти (продавници, киосци, автомати и др.);

4. Изградба на жичари кои ги поврзуваат туристичките објекти наменети на странски туристи, со спортските терени.

II

Кредитите за намените од претходните точки, во согласност со изворите на средствата, Банката ќе ги дава под следниве услови:

А. **За основни средства**

1. Кредити од средствата на Банката за долгорочни вложувања:

а) од точката I/1 со рок за враќање до 25 години,

б) од точката I/2, 3, 4 со рок за враќање од 16 до 20 години,

г) интерес по стопа до 5% годишно (за сите намени) со тоа што на корисникот на кредитот му се дава до 3% надоместок на интересот од средствата на СРМ.

2. Кредити од средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање стопанскиот развиток на стопански недоволно развиените републики и краишта:

а) рок за отплата како во точката А/1,

б) интерес по стопа по која Фондот на Федерацијата ќе ги дава средствата на оваа банка зголемена за 0,5 поени.

3. Кредити од средствата прибавени врз основа на посебни аранжмани ќе се даваат под условите предвидени во предметните аранжмани.

Б. **За трајни обртни средства** (за сите намени)

1. Кредити од средствата на Банката за долгорочни вложувања:

— рок за отплата до 12 години,

— интерес по стопа од 7,5% годишно.

2. Кредити од средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање стопанскиот развиток на стопански недоволно развиените републики и краишта:

— рок за отплата што го дава Фондот на Федерацијата намален за 12 месеци,

— интересна стопа по која Фондот на Федерацијата ќе ги дава средствата на оваа банка зголемена за 0,5 поени.

III

Банката ќе дава кредити до износот на претсметковната вредност на инвестицијата, под услов кредитобарачот да прифати обврска дека девизното работење ќе го врши преку оваа банка, како и да и нуди за продажба на Банката најмалку 50% од ретенционата квота во девизи остварена од постојните објекти кои ги кредитирала таа и од новите кои ќе ги кредитира, и тоа сметано од денот на одобрувањето на кредитот, па во рок од 10 години по пуштањето на објектот во експлоатација.

IV

При одобрувањето на кредитите Банката ќе се раководи од следниве критериуми и мерила:

1. Кредитите ќе се одобруваат на работни организации кои се способни да ја организираат посетата на странските туристи и да остварат рентабилно вршење на хотелско-угостителски и други туристички услуги, кои се носители на интеграциони потфати, имаат развојна програма и остварени позитивни резултати во работењето, како и други услови за успешно изведување и ефектуирање на инвестицијата.

2. Со инвестиционите зафати за кои се бара кредит инвеститорите треба да обезбедат:

а) оптимално искористување на постојните и новите објекти,

б) најмалку 50% девизен приход, кој претставува основица за ретенционата квота, во однос на вкупната реализација за кредитите со рок за отплата преку 15 години,

в) поширок асортиман на услугите од просечниот за овој вид објекти и поголем стандард поради постигнување поголеми ефекти,

г) рационална изградба со што пониски трошоци по единица капацитет,

д) потребни стручни кадри со знаење на светски јазици, со тоа што неопходниот број треба да биде обезбеден пред почетокот на инвестиционите вложувања.

V

Предност во добивањето на кредит ќе имаат оние кредитобарачи кои ќе дадат докази дека нудат:

— поголемо сопствено учество,

— учество на странски капитал во финансирањето на објектите по пат на аранжмани со странски партнери,

— склучување на посебни деловни аранжмани со Банката и подолготрајно деловно поврзување кое е од интерес за обете страни;

— пократок рок за отплата на кредитите во однос на роковите утврдени со оваа одлука;

— пократок рок за градба,

— сопствени средства или кредит од други банки за полагање на гарантниот износ и интеркаларен интерес.

VI

Кредитите од точката I на оваа одлука ќе се даваат по пат на непосредна спогодба и тоа во периодот 1971—1975 година.

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија."

ИО Бр. 11/813
7 мај 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот одбор на
Стопанската банка — Скопје,
инж. **Никола Адамов**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје тужителката Павловска Доца од Скопје, населба Маџари, ул. „853" број 176/12, поднесе тужба за развод на брак против тужениот Ашод Медзиќијан од Саркиз, со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Ашод Медзикијан во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да ја соопшти на судот својата точна адреса или да се јави лично во судот.

Во противен случај ќе му се одреди старател кој ќе го застапува по оваа парница.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 979/69. (34)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Трајан Јанкуловски од Прилеп, ул. „Владо Стојановски" бр. 67 поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Љубица Јанкуловска од село Вранче, сега во Франција со непозната адреса и место на живеење. Се поканува тужената Љубица Јанкулоска во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник.

Во противно на истата ќе ѝ биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 149/70. (35)

ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Вера Благоева Ѓорѓиева од село Злеово поднесе до овој суд тужба за развод на брак, против Благој Јорданов Ѓорѓиев, сега во неизвесност. Бидејќи адресата и местожителството на тужениот се непознати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди застапник. Во противно судот по службена должност ќе му го одреди за застапник Славе Голубовски, судиски приправник, и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 15/70. (36)

---

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 3. XII. 1969 година, рег. бр. 63/66 е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Димитар Димевски, директор на установата — Центар за унапредување на земјоделството — Битола.

Се овластува Чипуровски Борис, в. д. директор, покрај досегашниот потписник Таневски Коле, книговодител, да ја потпишува установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 48/69. (408)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 11. II. 1970 година, рег. број 84/66 е запишано следното: Се менува фирмата на Заводот за урбанизам и архитектура — Битола и гласи: Завод за урбанизам и комунално стопанисување во Битола. Се менува дејноста на Заводот за урбанизам и архитектура односно за комунално стопанисување — Битола и гласи:

— во име на општината се грижи за непосредно решавање на вкупните и поединечните урбанистички проблеми, а во склад со современата методологија на урбанистичкото проектирање и планирање, постојано и систематски го прати и проучува развитокот на просторот на битолскиот регион (физички и општествено);

— ја обновува и дополнува основната документација на просторниот развиток, ја усклaдува со развојниот стремеж, а сето во склад со Заводот за регионално, просторно и урбанистичко планирање и другите прописи донесени од страна на надлежниот орган;

— изработува урбанистички студии, основни урбанистички планови за реализација, регионални и просторни планови, други урбанистички планови за град Битола и останатите населени места;

— му поднесува на надлежните органи предлози за просторните и урбанистичките проекти и заедно со нив ги дава на јавна дискусија и усвојување, како и суделува во спроведувањето и го прати изведувањето на непосредните и долгорочните просторни урбанистички програми и проекти;

— му дава на надлежните и стручните органи стручна помош и препораки во врска со работите од подрачјето на урбанизмот. Во својата работа соработува со сите заинтересирани организации и останатите стручни служби и инспекции, а во смисла на сестраното разгледување на предлозите и решенијата;

— пејсажно обликување и изработка на хоризонтални решенија за таа цел се грижи за чувањe на убавината на амбиентот во урбанистичка смисла;

— изработка на урбанистички решенија за туристички места и одморалишта;

— изработка на регулативни и урбанистички решенија за историски агломерации;

— изработка на урбанистички решенија за комунални објекти и уреди;

— изработува и издава локации за поединечни објекти и групи на објекти;

— работи на стручно и научно поле од областа на урбанизмот, посебно врши анализа на постојните населби од подрачјето на регионот, како и прибирање на податоци потребни за таа цел, и познавање и популаризација на научните достигнувања во областа на урбанизмот и примената на стекнатите искуства, одржување на стручни предавања и изложби, издавање на публикации и слично како и запознавање на граѓаните со урбанистичката проблематика;

— проектира, патишта, мостови, водовод и канализација, со нивните постројки и слични објекти;

— проектира објекти од општествен стандард и друго за потребата на месните заедници;

— врши надзор над градбата на станбени, општествени, индустриски и други објекти;

— ги проучува економските односи и состојбата во комуналната област и предложува мерки за унапредување на овие односи и состојби со постигнатиот степен на економски развој на подрачјето и за унапредување на сите комунални служби и дејности во општината;

— ги проучува, прати и води посредна евиденција на движењето на инвестиционите вложувања во комуналната област и во тој поглед врши неопходни стручни и други обединувања, предложува приоритетни работи и динамика на вложувањата;

— проучува и предлага соодветни мерила за плаќање придонес за користење на градежното земјиште;

— проучува и предложува начин и обем за уредување на градското земјиште и накнадата на трошоците во тоа уредување;

— обавува стручно-технички и други работи кои се врзани за уредувањето на градежното земјиште, како што се: обезбедување на потребна геодетска, урбанистичка, техничка и економска документација, распишување на конкурси за давање на земјиште за одредена изградба и заклучување на договор за обврските помеѓу општината и корисниците, рушење на објекти и преселување на станарите од земјиштето кое се уредува, испитување, насипување и порамнување на земјиштето, со цел за благовремена изградба на објектите на него;

— ги врши сите инвеститорски работи во врска со нестопанските инвестиции во случаите кога е инвеститор Општината;

— ги обавува административните, стручните и финансиските работи за фондовите кои ги основа Општината во комуналната област;

— во рамките на расположивите средства се грижи за одржување, поправка, изградба и реконструкција на градските сообраќајници, патишта од IV ред и некатегоризираните патишта, мостови и други објекти и инсталации, градско зеленило, јавно осветление, снабдување на населението со вода, канализација, хигиената на другите објекти од заедничка комунална потрошувачка:

— се грижи за планска изградба и реконструкција на мрежата на комуналните објекти;

— се грижи за станбената и друга изградба, да ги прати и соодветната изградба на комуналните објекти;

— врши и други стручни и оперативни работи од комуналната област, кои ќе му ги додели Собранието на општината или негов овластен орган.

Овие промени се извршени врз основа на решението бр. 01-5303/1 од 26. XII. 1969 година, на Собранието на општината Битола и одлуката бр. 02-139 од 6. X. 1969 година, од работната заедница на Заводот за урбанизам и архитектура — Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 7/70. (526)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. број 108, страна 656, книга I е запишано следното: На досегашните потписници на Основното училиште „Браќа Рибар" село Табановце, Кумановско, Стојановиќ Љубомир, в. д. директор, и Трајковски Петар, се-

кретар, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За нови потписници на Основното училиште „Браќа Рибар" — село Табановце се назначени следните лица: Вељковиќ Никола, директор и Трајковски Петар, секретар, кои училиштето ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, сметано од 22. I. 1970 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 9 од 16. III. 1970 година. (483)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 26. V. 1969 година, страна 193, реден број 8 е запишано основањето на Продавница, со седиште во Радовиш, ул. „29 ноември" број 19.

Продавницата ќе врши промет на сите видови отпадоци и фелерична стока, сите видови индустриска стока со текстилна и метална галантерија.

Продавницата е основана од Заштитната работилница за професионална рехабилитација и запослување на инвалиди „Нов Дом" од Штип.

Раководител на продавницата е Трајан Манасиев, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичната установа.

Впишувањето е извршено во регистарот, врз основа на барањето бр. 52 од 21. I. 1969 година на присилниот управник на установата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 14/69. (643)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 24. I. 1969 година, страна 185, реден број 1 е запишано основањето на Училиште за основно образование на возрасни при Работничкиот универзитет — Струмица, со седиште во Струмица.

Училиштето ќе изведува основно образование на возрасните.

Раководител на училиштето е Киро Златанов, кој е овластен да го претставува и потпишува истото.

Впишувањето е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 01-52 од 7. II. 1968 година, на работната заедница на установата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 2/69. (644)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 26. V. 1969 година, страна 193, реден број 9 е запишано основањето на Продавница со седиште во Штип, ул. „Кирил и Методи" бб.

Продавницата ќе врши промет со сите видови отпадоци и фелерична стока, сите видови индустриска стока од текстилна и метална гранка.

Продавницата е основана од Заштитната работилница за професионална рехабилитација и запослување на инвалиди „Нов Дом" од Штип.

Раководител на продавницата е Станка Тасева, која не е овластена да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичната установа.

Впишувањето е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 387 од 26. IV. 1969 година, на присилниот управник на установата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 17/69. (646)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 24. XI. 1969 година, страна 194, реден број 1 е запишано основањето на Гимназијата „Кочо Рацин", со седиште во Свети Николе.

Гимназијата ќе ги проширува и продлабочува знаењата од природните и општествените науки и општото техничко образование здобиени во основното училиште; ќе ги развива и поттикнува личните способности и склоности на учениците и ќе им помага во изборот за понатамошното школување и нивниот позив; ќе придонесува за понатамошното интелектуално, физичко, општествено, морално и естетско воспитување и образование на учениците, за нивното оспособување за активна општествена работа, како и здравствениот и културниот живот; ќе ги подготвува учениците за продолжување на студиите на вишите школи, факултетите и високите школи и уметнички академии, односно ќе ги оспособува за непосредно вклучување во одредени занимања.

За директор на Гимназијата е именуван Љубомир Трајчев.

Потпишувањето на жиро-сметката на гимназијата ќе го врши Миле Стојанов Јанев.

Впишувањето е извршено во регистарот, врз основа на решението бр. 01-3296 од 25. IX. 1961 година, на Собранието на општината Свети Николе.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 40/69. (645)

---

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10. XII. 1969 година, рег. број 11/55, книга IV е запишана под фирма: Продавница во село Сливница, Ресен, на Трговското претпријатие „Преспанско Езеро" од Ресен. Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијална мешана стока.

Раководител на продавницата е Васил Гајтановски.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Преспанско Езеро" од Ресен, со одлуката бр. 02-4/2 од 8. XII. 1969 година на работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 470/69. (446)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8. XII. 1969 година, рег. број 74/55, книга III е запишана под фирма: Продавница број 50 во Струга, ул. „Маршал Тито" бр. 51, на Трговското претпријатие „Струшка трговија" од Струга. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на сите видови индустриски стоки и производи.

Раководител на продавницата е Деребанова Петра.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Струшка трговија" од Струга, со одлуката бр. 02-429 од 28. II. 1969 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 463/69. (447)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1340, страна 258, книга VI е запишано под фирма: „Хартија" — трговско претпријатие за промет со хартија канцелариски материјал и школски прибор на големо — Белград — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Складиште во Скопје, „470". Предмет на работењето на складиштето е ускладиштување и отпрема на стока на купувачите, заклучување на договори за продажба на стока на големо, а во рамките на работењето на матичното претпријатие.

Складиштето е основано од работничкиот совет на „Хартија" — Белград, со одлуката бр. 73 од 29. XII. 1969 година од одржаната седница на 22. X. 1969 година.

Раководител на складиштето е Сентиќ Боривоје.

Организацијата на здружен труд без својство на правно лице — Складиште — Скопје ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 129 од 9. II. 1970 година. (485)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 31. XII.. 1969 година, рег. број 14/63, книга I е запишана под фирма: Продавница број 1 во село Ивањевци, на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија" од Битола. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мешани трговски стоки, од регистираната дејност на комбинатот.

Раководител на продавницата е Киро Паревски.

Продавницата е основана од Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија" од Битола, со одлуката бр. 02-471/1 од 12. XI. 1969 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и комбинатот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 503/69. (423)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. I. 1970 година, рег. број 40/55, книга I е запишана под фирма: Продавница во Битола, ул. „Ленинова" бб, на Земјоделската задруга „Светлост" од с. Породин, Битолско. Предметот на работењето на продавницата е промет со прехранбени продукти како колонијални стоки, предмети за кујни потреби, месо и месни производи и млеко и млечни производи.

Раководител на продавницата е Пиловски Стојан.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Светлост" од село Породин, со одлуката од задружниот совет од 30. XII. 1968 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 9/70. (424)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. I. 1970 година, рег. број 3/70, книга I е запишана под фирма: Единица за вршење на транспортни услуги со сопствени возила за своите членови — Битола на Центарот за општотехничко и агротехничко воспитување — Народна техника — Битола. Предмет на работењето на единицата е вршење транспортни услуги со сопствени возила за своите членови.

Раководител на единицата е Димче Станковски.

Единицата е основана од Центарот за општотехничко и агротехничко воспитување — Народна техника — Битола, со одлуката бр. 23 од 27. XI 1969 година.

Единицата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и центарот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 27/70. (425)

---

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8. XII. 1969 година, рег. број 37/69, книга II е запишана под фирма: Сервис во Охрид (во просториите на здружението) на Здружението на пензионираните работници во Охрид. Предмет на работењето на сервисот е вршење на административно-технички услуги (обработување на архивски материјал) и средување на документација, дактилографски услуги — препишување, умножување и копирање, фото-услуги-снимање, копирање и умножување; продавање на таксени, судски и поштенски марки и други вредносници; прибавување на патни, возачки и други исправи на граѓани и работни организации, давање на инкасантни услуги на работни организации и сл., транспортни и туристички услуги.

Раководител на сервисот е Атанасовски Миле.

Сервисот е основан од Здружението на пензионираните работници — Охрид, со одлуката од управниот одбор од 1. XII. 1969 година.

Сервисот ќе го потпишуваат Атанасовски Миле и Шутиновски Симо.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 465/69. (426)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8. XII. 1969 година, рег. број 36/69, книга II е запишана под фирма: Продавница број 4 во Охрид, ул. „7 ноември" бр. 32, на Фабриката за трикотажа „Напредок" од Врбас. Предмет на работењето на продавницата е промет со волнена и синтетичка трикотажна конфекција, текстилна конфекција и галантерија.

Раководител на продавницата е Дудановски Никола.

Продавницата е основана од Трикотажа „Напредок" од Врбас, со одлука бр. 241 од 3. II. 1969 година на работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува Дудановски Никола,, раководител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 460/69. (427)

---

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 12. XII. 1969 година, рег. број 1/56, книга Ш е запишана под фирма: Продавница број 8 во Охрид, ул. „Абас Емин" бб, на Земјоделската задруга „Рашанец", село Прентов Мост. Предмет на работењето на продавницата е продажба на прехранбени производи и други стоки за широка потрошувачка.

Раководител на продавницата е Недановска Лазар Крстинка.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Рашанец", село Прентов Мост, со одлуката бр. 01-132/2 од 7. VI. 1969 година од задружниот совет.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 472/69. (428)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. XII. 1969 година, рег. број 114/55/III, е запишана под фирма: Продавница — самопослуга број 18 во село Велгошти на Трговското претпријатие „Витамин" од Охрид. Предмет на работењето на продавницата е вршење промет со мешани индустриски стоки, прехранбени артикли и предмети за куќни потреби, деликатесни производи, производи врз база на шеќер и какао, млеко и млечни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, жита и мелнички преработки, овошје, зеленчук и преработки.

Раководител на продавницата е Бунташоски Л. Јован.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Витамин" од Охрид, со одлуката бр. 208 од 23. XII. 1969 година на работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 498/69. (429)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. XII. 1969 година, рег. број 114/55/III е запишана под фирма: Продавница — самопослуга број 9 во Охрид, ул. „Јане Сандански", на Трговското претпријатие „Витамин" во Охрид. Предмет на работењето на продавницата е промет со: галантериска и базарска стока и играчки, производи од гума, каучук и пластични маси, музички инструменти, радиоапарати и прибор, електротехнички материјали, саати и производи од племенити метали, парфимериска и козметичка стока, стакло, порцелан и ке-

рамичка стока, месо и месни преработки, жита и мелнички преработки, прехранбени артикли и предмети за кујни потреби, деликатесни производи, производи врз база на шеќер и какао, овошје, зеленчук и преработки, млеко и млечни производи, леб и печиво, алкохолни и безалкохолни пијалоци и мешана индустриска стока.

Раководител на продавницата е Митре Марковски.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Витамин“ од Охрид, со одлуката бр. 208 од 6. X. 1969 година од работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 497/69. (430)

---

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. XII. 1969 година, рег. број 114/55/III е запишана под фирма: Продавница — самопослуга број 12 во Охрид, на Трговското претпријатие „Витамин“ од Охрид. Предмет на работењето на продавницата е промет со: галантериска и базарска стока и играчки, производи од гума, каучук и пластични маси, музички инструменти, радиоапарати и прибор, електротехнички материјали, саати и производи од племенити метали, парфимериска и козметичка стока, стакло, порцелан и керамичка стока, месо и месни преработки, жита и мелнички преработки, прехранбени артикли и предмети за кујни потреби, деликатесни производи, производи врз база на шеќер и какао, овошје, зеленчук и преработки, млеко и млечни производи, леб и печиво, алкохолни и безалкохолни пијалоци и мешана индустриска стока.

Раководител на продавницата е Стефан Николовски.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Витамин“ од Охрид, со одлуката бр. 208 од 6. X. 1969 година на работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 497/69. (431)

---

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 31. XII. 1969 година, рег. број 38/69/П е запишана под фирма: Продавница во Охрид, ул. „Седми ноември“ бр. 32, на Претпријатието за изработка на облека и конфекција „Свобода“ од Димитровград. Предмет на работењето на продавницата е промет со конфекција, кратка и плетена стока и трикотажа.

Продавницата е основана од Претпријатието за изработка на облека и конфекција „Свобода“ — Димитровград“, со одлуката бр. 02-2780 од 20. X. 1969 година на работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува Доданов Никола, раководител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 428/69. (432)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 12. I. 1970 година, рег. број 11/55, книга III е запишана под фирма: Продавница во Охрид кај градското пазариште, на Земјоделската задруга „Мирче Калајџиески“ с. Врбјани. Предмет на работењето на продавницата е промет со месо и месни производи.

Раководител на продавницата е Салиески Баки.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Мирче Калајџиески“, село Врбјани, со одлуката бр. 13 од 12. II. 1968 година на задружниот совет.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 7/70. (433)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 1341, страна 260, книга VI е запишан под фирма: Шпедитерско услужно претпријатие за превоз на бела земја и останата стока „Каменички Вис“ — Каменица — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Погон за превоз на стока во село Сарај, Скопје. Предмет на работењето на погонот е превоз на стока.

Погонот е основан од работничкиот совет на Шпедитерското услужно претпријатие за превоз на бела земја и останата стока „Каменички вис“ — Каменица, со одлуката бр. 19 од 19. I. 1970 година од одржаната седница на 19. I. 1970 година.

Организацијата на здружен труд без својство на правно лице — Погон за превоз на стока во село Сарај ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Зукорлиќ Селман, раководител на погонот, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 94 од 16. III. 1970 година. (505)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 1343, страна 266, книга VI е запишана под фирма: Производна трговска организација на големо и мало „Центар“ — Скопје, ул. „Борис Кидрич“ бр. 22. Предмет на работењето на организацијата е производство на топли јадења (сите видови на јадења, јадења со месо, варива, салати, супи, разни видови на појадоци и јадења по порачка); производство на леб, бурек, банички и сите видови на печива (кифли-благи и солени, лајбици, крофни, векници, пенурлии, милиброд, лена пита, ѓевреци, штрудли, погачи и маслени погачици); производство на освежителни пијалоци (сода-вода, оранжади, коктели и сите видови на сокови); трговија на големо и мало со сите видови стоки: прехранбени стоки, жита и мелнички преработки; месо и месни производи; сточна храна; зеленчук, овошје и преработки; алкохолни и безалкохолни пијалоци; мешана индустриска стока, канцелариски материјали, хартија, книги и друг училишен прибор, како и школска и друга опрема; галантериска, базарска стока и играчки, електро-технички материјали, стакло, порцелански и керамички стоки и текстил, кратка и плетена стока и конфекција; посредување во прометот.

Организацијата е основана со организирање на Центарот за исхрана на деца и младинци на град Скопје — Скопје од установа во стопанска организација, со одлуката бр. 02-2785/3 од 10. XII. 1968 година на Советот на Центарот за исхрана на деца и младинци на град Скопје — Скопје и решението бр. 29189/1 од 14. X. 1969 година на Собранието на град Скопје.

Производната трговска организација на големо и мало „Центар“ — Скопје ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, Никола Стојан Сечковски, в. д. директор, Љубомир Димовски, раководител на комерцијалниот сектор, и Тодор Васил Кајчевски, раководител на секторот производство.

Обврската пред банката е со два потписа.

Со организирање на Центарот за исхрана на деца и младинци на град Скопје — Скопје во стопанска организација, истиот се брише од регистарот на установите, кај овој суд, од рег. бр. 364, страна 493, книга II.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1118/69 од 18. III. 1970 година. (506)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 1342, страна 262, книга VI е запишано под фирма: Земјоделска задруга „Пролетер“ од село Бориево, Струмичко — Организација на здружен труд без својство на правно лице Претставништво во Скопје, ул. „Маршал Тито“ бр. 5.

Предмет на работењето на претставништвото е склучување на договори за купопродажба во име и за сметка на задругата, а во рамките на регистрираната дејност на задругата.

Претставништвото е основано од задружниот совет на Земјоделската задруга „Пролетер", село Бориево, Струмичко, со одлуката од одржаната седница на 25. XI. 1969 година.

Раководител на претставништвото е Матовски Митко.

Организацијата на здружен труд без својство на правно лице — Претставништво во Скопје ќе го потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1163/69 од 9. II. 1970 година. (507)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 1344, страна 271, книга VI е запишано под фирма: „Раденска" — Раденци — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Складиште во село Горно Лисиче, Скопје. Предмет на работењето на складиштето е ускладиштување и продажба на минерална вода „Раденска", на големо и мало.

Складиштето е основано со одлуката на работничкиот совет на лечилиштето „Раденска" — Раденци од 26. II. 1970 година.

Организацијата на здружен труд — складиштето ќе го потпишува раководителот инж. Милован Велковиќ, кој ќе ја потпишува споменатата организација на здружен труд само во рамките на работењето на организацијата на здружен труд и нејзините самостојни права кои ги врши во име и за сметка на лечилиштето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 233/70. (508)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1261, страна 1543, книга I е запишана под фирма: Земјоделско задружен комбинат „Аграр", Бутел — Скопје — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Продавница во Скопје, ул. „Орце Николов" бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на тутунски преработки, кибрит, прибор за пишување и вредносници.

Продавницата е основана од задружниот совет на Комбинатот, со одлуката бр. 4812 од 31. XII. 1969 година.

Раководител на продавницата е Василка Милачиќ.

Продавницата ќе ја потпишуваат овластените лица на матичната работна организација.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 136 од 27. III. 1970 година. (509)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1261, страна 1541, книга V е запишана под фирма: Земјоделско задружен комбинат „Аграр", Бутел — Скопје — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Продавница во Скопје, ул. „39" бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на тутунски преработки, кибрит, прибор за пушење и вредносници.

Продавницата е основана од Задружниот совет на Комбинатот, со одлуката бр. 4811 од 31. XII. 1969 година.

Раководител на продавницата е Ангеле Гиевски.

Продавницата ќе ја потпишуваат овластените лица на матичната работна организација.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 137 од 27. III. 1970 година. (510)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 1261, страна 1541, книга V е запишана под фирма: Земјоделско задружен комбинат „Аграр", Бутел — Скопје — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Продавница во Скопје, ул. „464" бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на тутунски преработки, кибрит, прибор за пушење и вредносници.

Продавницата е основана од Задружниот совет на Комбинатот со одлуката бр. 4813 од 31. XII. 1969 година.

Раководител на продавницата е Сава Јовановиќ.

Продавницата ќе ја потпишуваат овластените лица на матичната работна организација.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 138 од 27. III. 1970 год. (511)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 1261, страна 1543, книга V е запишана под фирма: Земјоделско задружен комбинат „Аграр", Бутел — Скопје — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Продавница во Скопје, ул. „256" бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на тутунски преработки, кибрит, прибор за пушење и вредносници.

Продавницата е основана од задружниот совет на Комбинатот, со одлуката бр. 4814 од 31. XII. 1969 година.

Раководител на продавницата е Марика Бораниева.

Продавницата ќе ја потпишуваат овластените лица на матичната работна организација.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 139 од 27. III. 1970 година. (512)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 1261, страна 1543, книга V е запишана под фирма: Земјоделско-задружен комбинат „Аграр" — Бутел — Скопје — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Продавница во Скопје, ул. „275" бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на тутунски преработки, кибрит, прибор за пушење и вредносници.

Продавницата е основана од Задружниот совет на Комбинатот, со одлуката бр. 4819 од 31. XII. 1969 година.

Раководител на продавницата е Германија Лелифановска.

Продавницата ќе ја потпишуваат овластените лица на матичната работна организација.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 140 од 27. III. 1970 година. (513)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 1261, страна 1543, книга V е запишана под фирма: Земјоделско задружен комбинат „Аграр", Бутел — Скопје — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Продавница во Скопје, ул. „980" бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на тутунски преработки, кибрит, прибор за пушење и вредносници.

Продавницата е основана од Задружниот совет на Комбинатот, со одлуката број 4820 од 31. XII. 1969 година.

Раководител на продавницата е Љубе Неделковски.

Продавницата ќе ја потпишуваат овластените лица на матичната работна организација.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. број 141 од 27. III. 1970 год.

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. II. 1970 година, рег. бр. 1/70, книга I е запишано под фирма: Издвоено работно место во Битола, ул. „Фуштани" бр. 1, на Југословенско-поморската агенција — Белград — Предмет на работењето на издвоеното работно место е вршење на меѓународно-сообраќајни агенциски работи.

Издвоеното работно место е основано од Југословенско-поморската агенција во Београд, со одлуката на работничкиот совет од 26. XII. 1969 година.

Издвоеното работно место ќе го потпишува Дајовски Никола, раководител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 23/70. (528)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. II. 1970 година, рег. бр. 18 /55, книга I е запишана под фирма: Продавница во Битола, ул. „Александар Турунџев" бр. 57, на Фабриката за бонбони, чоколада и кекси „Прогрес" — Битола. Предмет на работењето на продавницата е продажба на шеќерни производи и кекси.

Раководител на продавницата е Димитар Белимачев.

Продавницата е основана од Фабриката „Прогрес" — Битола, со одлуката бр. 03-1128/1 од 24. II. 1970 год. на работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и Фабриката.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 80/70. (529)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 17. II. 1970 година, рег. бр. 40/55, книга I е запишана под фирма: Продавница во Битола, ул. „Караорман" бб на Земјоделската задруга „Светлост", село Породин, Битолско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијални стоки и стоки за куќни потреби.

Раководител на продавницата е Георгиевски Сотир.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Светлост", с. Породин, со одлуката од задружниот совет.

Продавницата ќе ја потпишува овластеното лице на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 61/70. (530)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 12. II. 1970 година, рег. бр. 24/62, книга I е запишан под фирма: Склад — продавница бр. 1 во Битола, ул. „Рузвелт" бр. 10, на Фабриката за чешлано-волнено и синтетично предиво „Битолатекс" — Битола. Предмет на работењето на складот — продавницата е трговија на големо и мало со текстил и текстилни производи, трикотажни производи и трговија со машини за плетење.

Раководител на складот — продавницата е Кирил Ангеловски.

Складот-продавницата е основана од Фабриката „Битолатекст" — Битола, со одлуката бр. 280/2 од 25. I. 1970 година на работничкиот совет.

Складот-продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и Фабриката.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 57/70. (531)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 11. II. 1970 година, рег. бр. 10/65, книга I е запишана под фирма: Работничка менза во Битола на Водостопанското претпријатие „Пелагонија" од Битола. Предмет на работењето на продавницата е приготвување и сервирање на топло јадење за работниците и продавање на пиво и други безалкохолни пијалоци во затворени шишиња, како и тутун и кибрит.

Раководител на продавницата е Нумановиќ Вехбо.

Работничката менза во Битола е основана од Водостопанското претпријатие „Пелагонија" — Битола, со одлуката бр. 02-123/2 од 5. II. 1970 година на работничкиот совет.

Работничката менза ќе ја потпишуваат истите лица што го потпишуваат и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 56/70. (532)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 2. II. 1970 година, рег. бр. 10/62, книга I е запишана под фирма: Продавница „Караорман 2" во Битола, булевар „1-ви мај", на Трговското претпријатие „Задругар" од Битола. Предмет на работењето на продавницата е продажба на следните артикли: текстил и текстилна галантерија, кратка и плетена стока, конфекција, галантерија и базарска стока, крзнена стока, производи од јута и теписи.

Раководител на продавницата е Петковски Јонче.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Задругар" од Битола, со одлуката на работничкиот совет од 24. X. 1969 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 41/70. (533)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. II. 1970 година, рег. бр. 4/70, книга I е запишано следното: Се позволува впишувањето на промената на статусот на Установата Рибник „Битола" — Битола во стопанска организација, и истата се запишува во регистарот на стопанските организации, при овој суд, под рег. бр. 4/70, книга I под фирма: Рибник „Битола", со седиште во Битола. Предмет на работењето на рибникот е:

а) произведува подмладок на риба — крап за порибување на низинските реки и акумулации;

б) одгледување конзумен крап — риба;

в) работи на стручното усовршување и оспособување на кадрите во областа на рибарството.

Стопанската организација — Рибник „Битола" од Битола е настаната од досегашната установа Рибник „Битола" — Битола, а со одлуката бр. 30 од 20. II. 1970 година на работната заедница на Рибникот, и решението бр. 43 од 24. II. 1970 година на Сојузот на спортските риболовни друштва на СРМ — Скопје.

Рибникот ќе го потпишува Бубевски Крсте, в. д. директор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 77/70. (534)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. II. 1970 година, рег. бр. 52/55, книга I е запишана под фирма: Мешовита продавница во село Вирово, на Трговското претпријатие „Бигла" од Демир Хисар. Предмет на работењето на продавницата е промет со колонијални и индустриски стоки.

Раководител на продавницата е Спасе Јаневски.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Бигла" од Демир Хисар, со одлуката бр. 02-487/2 од 18. VII. 1969 година на работничкиот совет.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 44/70. (535)

---

